Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 141 став 13 од истиот Закон, точка 8 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-4299/1 од 17.10.2024 година и Заклучокот арх.бр.02-4359/3 од 24.10.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 40-та седница, одржана на 24.10.2024 година, го донесе следното

# Решение
## за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис

1. **ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА** операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштво за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз с.Чегране-Гостивар, заради тоа што реемитувал програмски сервис кој не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) согласно член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ).

Повредата од став 1 од оваа точка спецwork специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-4299/1 од 17.10.2024 г., кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштво за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз с.Чегране-Гостивар, веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ, односно да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по решението односно продолжи со вршење на повредата за која е јавно опоменат, Агенцијата, согласно член 23 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

5. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата.

## Образложение

Агенцијата во согласност со член 6 став 1 алинеја 4 од ЗАВМУ презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Врз основа на член 28 од ЗАВМУ, Агенцијата е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на

аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, а согласно член 27 и член 28 од ЗАВМУ, Агенцијата на 17.10.2024 г., изврши редовен програмски надзор на програмскиот пакет реемитуван од страна на операторот Друштво за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз с.Чегране-Гостивар, при што констатираше дека наведениот оператор кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на Република Северна Македонија, на 17.10.2024 г., за своите корисници реемитувал програмски сервис, кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата, што е спротивно на член 141 од ЗАВМУ. Констатациите од надзорот се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.11-4299/1 од 17.10.2024 г., кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 141 став 13 од истиот Закон, точка 8 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-4299/1 од 17.10.2024 г. и Заклучокот арх.бр.02-4359/3 од 24.10.2024 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ наведено во точка 1. на ова решение, Советот на Агенцијата, донесе решение со кое кон погоре наведениот субјект се презема мерка јавна опомена и му се наложува веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ, на начин што ќе го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис.

Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по налогот, односно по јавната опомена и престанал со реемитување на програмскиот сервис.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова решение е конечно и против него операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горенаведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.11-4299/1 од 17.10.2024 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Друштвото за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз с.Чегране-Гостивар;
- Управителот/одговорното лице на Друштвото за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз с.Чегране-Гостивар;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.

| Примено: Pranuar: | | 17.10.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojca: | Вредност Vlera: |
| 11 | 4299/1 | | |

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**За: д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, Директор**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21,154/23 и 55/24), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Програмскиот надзор се врши како:** <u>редовен</u>

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз с.Чегране-Гостивар

3. **Датум на извршување на надзорот:** 17.10.2024 година.

4. **Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21,154/23 и 55/24):

4.1. член 64 став 2 – „Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, освен телешопингот и рекламите“.

4.2. член 141 став 13 – „Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис“.

5. **Претходно изречени мерки: нема**

**6. Констатации од надзорот:**

Со надзорот беше констатирано дека Друштво за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз с.Чегране-Гостивар, кое според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на Република Северна Македонија, на ден 17.10.2024 година, за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „Hit Mix Music", кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**ПРЕДЛОГ МЕРКА:**

1. Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот да донесе решение со кое на операторот Друштво за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз с.Чегране-Гостивар ќе му изрече мерка јавна опомена и ќе му наложи веднаш по приемот на решението, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Советот на Агенцијата.

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**